MS(n)3

Блаже Конески

# ИЛИНДЕНСКИ МЕЛОДИИ

1.

Бел трендафил - ти за мене цутиш,
и ти моме, мое ќе ми бидеш!
Ти си младост, за да се радувам,
малој моме - за да те милувам!

2.
Молчи, молчи кутро срце!
Дури срекно ти да бидеш,
по апцани, по зандани
многу маки ти ќе видиш.

3.
Сношти жално низ темнина
јавор дрво шумеше.
Само легнав, сам си заспав,
ми се сони чуден сон.
Ми се сони темна магла,
во маглата до два сокола,
од крилје се бисер рони.
Кажи мајко, стара мајко,
каков показ е?
- Тешка коба, судна мака
коби, сину, твојот сон:
темна магла - темен зандан,
до два сокола - до два брата,
дробен бисер - ситен синџир.

4.
Лудо лежи во зандана,
тешки пранги на нозете,
дробен синџир на рацете.
Никој не иди
лудо да види,
таго ле!
Утре рано ќе отворат,
лудо младо да заберат,
лудо младо да загубат.
Никој не гласи
лудо да спаси,
таго ле!

5.
Гарване море, црно пиле де!
Лоша коба кобиш, црни гласје носиш.

6.
Многу жал ми падна, многу црна мака,
за твојата младост дека загина.
Силно момче беше, силно срце в гради,
не истрпе срце ропство да го јади!

./.

Attribution-NonCommercial -NoDerivs 3.0 Unported (CC BY-NC-ND 3.0)
Дигитална библиотека на Македонија | НУБ „Св. Климент Охридски" - Скопје